Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 501 www.mchamber.mk 16.9.2022



## Енергијата во фокусот



**СТОПАНСКАТА КОМОРА ЈА ПОЗДРАВУВА ОДЛУКАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ДРЖАВАТА ПЕНДАРОВСКИ ДА ГО СВИКА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ЗА ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА**



**АЗЕСКИ – МИЦКОСКИ: ВРЕМЕ Е ЗА НОВ ЕКОНОМСКИ ДОГОВОР ЗА ИДНИНАТА НА ДРЖАВАТА**



**АЗЕСКИ И БЕКТЕШИ СО НАЈГОЛЕМИТЕ 10 КОМПАНИИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕНЕРГИЈА РАЗГОВАРАА ЗА ПРЕДЛОЗИТЕ КОИ БИ БИЛЕ ДЕЛ ОД ПАКЕТОТ МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИСОТ**

**АЗЕСКИ – СПОЈУВАЊЕТО НА ЕНЕРГЕТСКАТА ФИНАНСИСКАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА КРИЗА НЕМИНОВНО БАРА ЕДНА И ЕДИНСТВЕНА ДРЖАВНА АГЕНДА. СЕГА И ВЕДНАШ ...**

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
EVN
vitaminka
NLB Banka
GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION
IGM trade
MERMEREN Kombinat
МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР
ЕСМ ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Gulf
ПЕКАБЕСКО
euro Nickel INDUSTRIES
nextsense
VERO сè на едно место
КОЖУВЧАНКА

### СТАНДАРД Покровители

МАКПРОГРЕС
Comfy Angel
OKTA
RK РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ
RADE KONČAR-TEP
A1
seavus www.seavus.com
ZAN MITREV CLINIC
СЕМОС
CROATIA OSIGURANJE КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
HALKBANK
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата На ваша страна
scalefocus
cargo-partner
Life Is On Schneider Electric
SMELT-ING

### СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин
SPARKASSE BANK
VEZĒSHARRI
LECKER
elektro
SOCOTAB Leaf tobacco
Swisslion




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# АЗЕСКИ НА СРЕДБА СО МЕНАЏМЕНТОТ НА САСА

Во просториите на Стопанската комора, претседателот Бранко Азески оствари средба со менаџментот на рудникот САСА, Македонска Каменица на која присуствуваа новиот генерален директор Крис Колбурн и директорот за одржливост Ивица Талевски, кој е и актуелен претседател на Македонската асоцијација на рударството (МАР).




Азески на средбата даде краток осврт на македонската економија, посочувајќи дека во моментот бизнисот се соочува со сериозни предизвици како резултат на глобалните кризи, а во фокусот на проблемите се цената на електричната енергија, обезбедувањето на квалификуван кадар и неизвесниот деловен амбиент за што влијаат повеќе фактори. Стопанството изминатите години се чинеше дека е меѓу последните точки на државната агенда, но токму кризите ќе покажат дека без стопанството, нема да може да функционира ниту државата. Верувам дека компаниите се жилави и ќе ги пребродат кризите, а Комората со својот проект „комора на иднината" и децениското искуство е максимално посветена и работи да ги поддржи во тоа – истакна тој.

Азески дополни дека коморските активности во следниот период особено ќе бидат посветени на поддршка на извозно ориентираните компании, со оглед дека зголемувањето на извозот е единствена опција за развој на домашната економија која е мала и отворена. Рударството кое учествува со 3,5 % во извозот е значаен сегмент на индустријата и стопанска гранка која ужива долга традиција во нашата држава. САСА несомнено е еден од клучните играчи во рударството со оглед на резултатите кои ги остварува, но и на придонесот кој како општествено одговорна компанија го дава за развој на локалната самоуправа и регионот во кој делува.

Раководството на САСА информираше за новите инвестициски циклуси што ги планира компанијата и што треба да се реализираат во текот на следната година, а кои имаат за цел поголема заштита на животната средина преку намалување на јаловиштата и ре-употреба на отпадните материи, поголема безбедност при работа како и продолжување на животниот век на рудникот. Дополнително, информираше и дека како резултат на кризите, САСА оваа година ги зголеми расходите за плати во однос на лани за околу 40 % со што се уште еднаш ја потврди грижата за вработените и одржување на нивниот животен стандард.

# СТОПАНСКАТА КОМОРА ЈА ПОЗДРАВУВА ОДЛУКАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ДРЖАВАТА ПЕНДАРОВСКИ ДА ГО СВИКА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ЗА ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА

Енормниот раст на цената на струјата но и на останатите енергенси како клучна компонента во производствената цена е топ приоритетно прашање за бизнис секторот.

Тоа прашање е отворено уште од септември 2021 година од наша страна. Укажувано, разработувано, предлагани се конкретни мерки, затоа што ова е прашање кое веќе одреден период нема компанија која не го става во приоритетните проблеми за кое бара итно решавање.

Изминатата недела конечно се случи потребното свртување на надлежните органи кон справувањето со ова важно прашање. Владата максимално се ангажира за поддршка на компаниите. Во Комората се одржа важна средба со ЕВН за проблемите за инсталирање фотоволтаични централи. Во понеделник во Комората ќе дојде раководството на ВМРО-ДПМНЕ со нивните градоначалници на средба со компаниите, исто така со намера да помогнат околу разрешување на овие проблеми.

Во таа насока се и дел од договорените одлуки вчера во Софија во рамки на официјалната посета на премиерот на Владата на РСМ Димитар Ковачевски со министрите за надворешни работи Бујар Османи и за економија Крешник Бектеши, директорот на ЕСМ Васко Ковачевски, претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески и Виктор Андонов, соработник за енергетика, на која со премиерот на Република Бугарија Галаб Донев и претседателот Радев е разговарано за состојбата во енергетскиот сектор и кризата на светско ниво, како и за начините за решавање на енергетската криза и недостигот на енергенси со акцент на потребите за стопанството кое во нашата државата е на слободниот пазар и не може да го издржи високиот раст на цената на електричната енергија на светските берзи.



# АЗЕСКИ – СПОЈУВАЊЕТО НА ЕНЕРГЕТСКАТА ФИНАНСИСКАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА КРИЗА НЕМИНОВНО БАРА ЕДНА И ЕДИНСТВЕНА ДРЖАВНА АГЕНДА. СЕГА И ВЕДНАШ....



11 месеци после мојот текст дека – „КОМЕТА МОЖЕ И ДА НÉ ПРОМАШИ, НО СТРУЈАТА „ЌЕ НÉ ДРМА, ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД", можеме да констатираме дека и Кометата се`уште прети а струјата не дрма како да во рацете држиме отворен спроводник со висока волтажа. Во овие 11 месеци издадовме стотици соопштенија, напишавме 10-тици колумни, одржавме уште толку средби и разговори со Владата и денеска се наоѓаме пред неделата во која мораме да ги знаеме позициите од кои зависат понатамошните одлуки. Значи неделата „Д" е пред нас, ние сме спремни за разговори со потребното ниво на мобилизација и аргументи но и оценки за моменталната реалност кои што се над најпесимистичките прогнози (512 евра за мегават час, цена на HUPEX  берзата на 20.8.2022 година). Но да почнеме по ред.

Прво, прашањето за граѓанството и бизнисот. Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика 594.243 лица се вработени во приватниот сектор, што значи тоа не се граѓани на другата страна од бизнисот туку се граѓани кои својата егзистенција ја обезбедуваат во бизнисот. На тој број треба да се додадат вработени кои засноваат работен однос преку Агенциите за времени вработувања или кои работат во АД со мешовита сопственост со што тој број е многу поголем и не може да се спротивставуваат едните на другите. Тоа се истите луѓе.

Второ, сите наши укажувања во изминатите години беа во правец на тезата дека бизнисот е основата на која почиваат сите други работи во државата и плус тоа, тоа е единственото врзно ткиво во сите поделби кај нас и во регионот. Не знам дали е ова доволно јасно, но не би се осмелил да го проверувам затоа што реалноста може да биде многу сурова и да нема враќање назад.

Трето, нам ни треба во овој момент самодоверба затоа што оваа битка може да ја добијат само луѓе што ја сакаат татковината, што имаат срце и многу знаење, а ако такви немаме треба да си „купиме" од странство затоа што за жал светот така функционира.

Четврто, после решавањето или поточно обидот за решавање на трите клучни наметнати прашања од страна (името, јазикот, црквата), што не чинеа 30 години стагнација ние имаме една опција, да ги засукаме ракавите, да се обединиме и да работиме. Тој пат или таа опција Комората јасно ја изрази во Декларацијата по повод 100 годишнината од своето постоење која масовно се поддржува од сите субјекти во државата.

# АЗЕСКИ – МИЦКОСКИ: ВРЕМЕ Е ЗА НОВ ЕКОНОМСКИ ДОГОВОР ЗА ИДНИНАТА НА ДРЖАВАТА



На работниот состанок што се одржа во Стопанската комора на Северна Македонија на претседателот Бранко Азески и престедарелот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски на кој присуствуваа бизнисмени, дел од раководната структура на Комора и дел од економскиот тим на партија со градоначалниците од неколку општини се разговараше за актуелната енергетска криза која го погодува стопанството и која се одразува врз вкупната економска состојба во државата како и за постапките за поставување на фотоволтаици а за кои надлежност има локалната самоуправа.

По презентирање на тековните состојби во бизнис секторот и во компаниите предизвикани од континуираниот раст на цената на струјата но и на останатите енергенси од страна на претседателот Азески, претставниците на ВМРО ДПМНЕ и претседателот Мицкоски констатираа дека е време за обединување и голем договор значаен за иднината на државата. Двете страни констатираа дека соработката треба да продолжи на сите нивоа во државата во интерес на економскиот опстанок.

Претседателот на Стопанската комора Азески по средбата изјави дека во Комората се третираат сите прашања кои се од значење за бизнисот но во моментов енергетската криза е проблем број еден за секоја компании. Состојбата е неизвесна дотолку повеќе што сите најави се дека оваа криза ќе трае подолго време и за тоа треба да се подготви целокупното стопанство но и системот на функционирање во државата. Информираше и дека ставовите за економските проблеми на најголемата бизнис заедница, се потврдени и од опозициската ВМРО, односно се во иста насока и тоа треба да продолжи, да се зголеми и да се интензивира во рамките на можностите.

И двете страни се согласни дека проблемот со енергенсите не во тоа дали ќе има струја и други видови енергија, туку дали ние ќе имаме доволно пари да купиме.

Мицкоски и економскиот тим претставници присутни на состанокот, укажаа дека од исклучителна важност е стопанството да генерира приходи, односно да го полни буџетот. Затоа од исклчучителна важност е фокусот да биде кон економијата и бинисот, бидејќи компаниите се тие каде работат повеќе од 680.000 во приватниот сектор и кои придонесуваат на приходната страна во буџетот.

Стопанската комора подолг период алармира и укажува на економските последици кои може да се случат во земјата поради ненавремено обезбедување на енергенси во услови на огромна увозна зависност.








# АЗЕСКИ И БЕКТЕШИ СО НАЈГОЛЕМИТЕ 10 КОМПАНИИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕНЕРГИЈА РАЗГОВАРАА ЗА ПРЕДЛОЗИТЕ КОИ БИ БИЛЕ ДЕЛ ОД ПАКЕТОТ МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИСОТ

Во услови на актуелната енергетска криза, во Стопанската комора на Северна Македонија се одржа работен состанок на претседателот Бранко Азески со министерот за економија Крешник Бектеши, на која присуствуваа и 10-те компании кои се најголеми потрошувачи на енергија во РСМ.

„Состанокот со 'Еуроникел', 'Макстил', 'Бучим', 'Титан', 'Сол', ' Булмак', со 'Таб Мак', 'Либерти', „Технички Гасови" и со 'Дојран стил', кои се сериозни потрошувачи со 20 % учество во вкупната потрошувачка на енергија и значајни субјекти во државава, како и со министерот за економија Крешник Бектеши, беше искористен за да се слушне мислењето на компаниите, бидејќи дел од нив се странски компании и имаат информации и од своите централи", истакна претседателот Азески по средбата во изјава за медиумите. „Состанокот", вели Азески, „беше искористен за квалитетна размена на мислења и на информации и на тој начин се направија подготовки за конципирање на пакетот мерки за поддршка на бизнисот, на кој, како Стопанска комора, работиме повеќе месеци наназад, со цел одржување на конкурентноста на домашната економија и на работните места во компаниите, во услови кога во регионот цените на струјата се многу пониски и гарантирани."

„Ваквите состаноци, кои во низа ги правиме со повеќе чинители кои имаат свое влијание во синџирот на обезбедување енергија за компаниите, се во пресрет на конечното креирање на пакетот мерки најавени за крајот на овој месец, во услови кога сметките за потрошена електрична енергија на фирмите се зголемени за 4 до 6-пати". Азески посочи дека бизнисот очекува мерките што ќе се донесат да имаат предвидливост за стопанството, барем до крајот на годината, и укажа на континуираната соработка со надлежните институции за да се помогне таму каде што е тоа најпотребно. Шест од десетте компании кои се на отворениот пазар и кои можат слободно да набавуваат струја од каде што сакаат денеска изразиле желба да формулираат определени барања, кои ќе бидат разгледани, и да бидат директно вклучени во мерките што ги конципира Владата за 28 септември. Рокот за поднесување барања од овие компании спрема Владата е до вторник следната недела.

Министерот Бектеши изјави дека за компаниите ќе се обезбеди доволно електрична енергија, но се прават максимални напори цената на струјата да биде што порационална. „Македонска делегација утре заминува во Софија за да ги заокружи преговорите со Бугарија околу обезбедувањето на потребните количини електрична енергија, а тимови од Србија денеска престојуваат во земјава и се прават последните договори за продлабочување на соработката", соопшти министерот за економија.

Отворениот пазар за снабдување работи во согласност со принципите на берзата. „Има одлука на Владата", вели Бектеши, „дека ниеден трговец кој е лиценциран не може да има поголема маржа од 10 отсто од денешната референтна берзанска цена. Тоа е еден вид поддршка ако процентите на трговците биле поголеми. Сите напори што ги правиме се насочени кон тоа да има рационални цени, кои ќе можат да ги сносат нашите компании кои се на слободниот пазар. Не зборуваме само за обезбедување количини на електрична енергија зашто тие количини ги имаме од увоз и тоа не е проблем. Проблем е делот со цената кој сакаме да го решиме билатерално со нашите соседи и тоа да биде за целата грејна сезона", нагласи министерот.

Тој повтори дека ЕСМ ќе ги покрива сите потреби на регулираниот пазар, за сите домаќинства и за сите микро и мали компании, кои се вкупно 72.000.


СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA
Работен состанок на претседателот Бранко Азески со министерот за економија Крешник Бектеши и дел од компаниите големи потрошувачи на енергија
100 години
Основана 1922
СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA
NLB


RTK
site
ALSAT

# ПРИМЕНА НА ОН-ЛАЈН АЛАТКИ ЗА ДИГИТАЛНО ЗАСТАПУВАЊЕ

Застапувањето е важен процес што влијае на донесување одредени промени и реализација на одредени цели во рамките на економските, социјалните и политичките системи и институции, значајни за економијата и општеството во целост. Со новите дигитални трендови во комуницирањето се нуди можност и за дигитално застапување, тема на IV-тата регионална конференција за застапување насловена како „Дигитално застапување“, што се одржува од 07 септември до 09 септември 2022 година , во Белград.

Организатори на конференцијата се швајцарската организација Хелветас - Источна и Југоисточна Европа и проектот „Заедно за активно граѓанско општество“ од Србија. Концептот на дигитално застапување е релативно нова алатка како дел од целокупниот процес на застапување и се применува во рамки на кампањи, застапувања и лобирања преку социјалните мрежи и веб просторот.

Во рамките на конференцијата учествуваа неколку проекти на Хелветас од регионот: Северна Македонија, чиј партнер е и Стопанската комора, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Србија, кои што го применуваа концептот на дигитално застапување.

Концептот на дигитално застапување опфаќа два чекора што се применуваат во ист формат, без разлика на темата што се застапува:

Прв чекор: колективно размислување и споделување идеи за да се дефинира проблемот за кој е потребно застапување и

Втор чекор: дефинирање рамка за дигитално застапување која вклучува:

- цел и вредностите кои треба да се застапуваат;
- целни групи и дигитална безбедност на застапувањето;
- ефективни пораки и комуникација со целните групи - повик за дејствување
- канали и формати каде што ќе се реализира застапувањето.

Хакатон за дигитално застапување е дополнителна алатка која може да помогне во дефинирање на форматот на застапување, преку избор на соодветна идеја, мапирање на идејата и конечно решение. Хакатонот овозможува натпревар помеѓу тимови на професионалци за концепирање на застапувањето и генерира одлични решенија во краток временски рок.

Дигиталното застапување е корисна алатка за компаниите од реалниот сектор во изнаоѓање решенија за нивните предизвици, особено поврзани со законските и подзаконските решенија, но исто така и во зголемување на реалната продажба на нивните производи и услуги.

# ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ - УЧИЛИШТАТА И КОМПАНИИТЕ СЕ ПОДГОТВУВААТ ЗА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА

Оваа година, Стопанската комора на Северна Македонија, го прослави 100-годишниот јубилеј од своето постоење и делување. И од почетоците на своето делување, Комората секогаш се занимавала со процесот на подготовка на кадар за стопанството. Низ годините таа стана мост за поврзување на образовните институции и бизнис заедницата и ги вмрежува компаниите и стручните училишта за реализација на практична обука на учениците на реално работно место во компанијата. Посветена е на унапредување на процесите, како во формалното, така и во неформалното образование, а воведувањето на дуалниот модел на образование беше фокусот на која напорно работеше, уште од 2007 година. Денес тоа стана реалност, а инвестицијата во дуалното образование е инвестиција во реалниот сектор и ефикасен начин за обезбедување практични вештини и компетенции, потребни на стопанството. Тоа е можност компаниите да се вклучат во креирањето на потребниот кадар во контекст на нивни раст и развој, но и економски развој на државата. Кампањата „Учи паметно, работи стручно" што ја спроведуваше Министерството за образование и наука и Стопанската комора, а со поддршка на проектот „Образование за вработување", финансиран од Швајцарската амбасада, придонесе за синергија помеѓу образовните интитуции и компаниите за побарувачката и понудата на вештини и квалификации и зголемување на интересот за дуалниот модел на образование.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Форум**

**26.09.2022**

# ПОКАНА за учество на Македонско-хрватски бизнис-форум, 26 септември 2022 година, Загреб, Хрватска

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Стопанската комора на Хрватска и со Амбасадата на Република Северна Македонија во Загреб, ве поканува да учествувате на Македонско-хрватскиот бизнис-форум, кој ќе се одржи на 26 септември 2022 година (понеделник) во Загреб, Хрватска.

Основната цел на Бизнис-форумот е да се поттикнат заедничката деловна соработка и партнерството меѓу компаниите од сите сектори.

Со цел интензивирање на економската соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Хрватска, во првиот дел од Форумот свое обраќање ќе имаат претставници од владините институции, од Хрватската стопанска комора (ХСК) и Амбасадорот на Република Северна Македонија во Загреб, како и претседателот на Македонско-хрватскиот бизнис-клуб.

Во вториот дел од Форумот свое обраќање ќе имаат претставници од коморите, со презентации на позначајните инфраструктурни и инвестициски проекти за можно инвестирање во Северна Македонија, а потоа ќе следуваат и билатералните средби (Б2Б).

Презентацијата и деловните средби ќе се одржат на 26 септември 2022 година (понеделник) во просториите на Хрватската стопанска комора.

Учеството на деловните средби е бесплатно, а трошоците за патувањето и за сместувањето се на товар на учесниците.



Семинар

27.9.2022

# ПОСТАПКА И КРИТЕРИУМИ НА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОЕДНОСТАВЕНИ ПОСТАПКИ И ПРИДОБИВКИ ЗА ИМАТЕЛИТЕ НА ОДОБРЕНИЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 27 септември 2022 година, организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: „Постапка и критериуми на давање одобрение за поедноставени постапки и придобивки за имателите на одобрение“ со цел економските оператори да се запознаат со поедноставените постапки, нивното значење во царинското работење и начинот и постапката како да се дојде до нив, а се со цел да се користат поволностите од страна на имателите на одобрение.

Во текот на семинарот ќе бидат објаснети сите аспекти околу дефинирање на поимот и спроведување на поедноставените постапки, законските основи, можностите и начинот за поднесување на барање и добивањето на одобрение. Истовремено учесниците ќе добијат практични совети во врска со начинот на подготовка на економскиот оператор за поднесување на барањето, но и начинот на следење на одобрението и континуирано исполнување на критериумите. Посебно внимание ќе биде посветено на поволностите и нивното значење за економските оператори на Република Северна Македонија

Предавачи:

- Офелија Бајо, помошник директор на Сектор за царински систем во Царинската управа на Република Северна Македонија,

- Соња Филевска, самостоен советник во Одделение за царински и даночни постапки во Сектор за царински систем во Царинската управа на Република Северна Македонија.

**Настан**

**12.10.2022**

# „MARKETPLACE AUSTRIA FOOD AND BEVERAGES 2022“ БИЗНИС-СРЕДБА НА АВСТРИСКИ ФИРМИ

Стопанската комора на Австрија, во соработка со Трговското одделение при Амбасадата на Република Австрија во Северна Македонија и со Стопанската комора на Северна Македонија, организира деловни средби меѓу австриски фирми производители на прехранбени производи и интернационални увозници на прехранбени производи.

MARKETPLACE AUSTRIA FOOD AND BEVERAGES претставува настан со 17-годишна традиција и со најголема посетеност, на кој присуствуваат компании производители на храна, како и трговци на мало и на големо од целиот свет.

Настанот претставува ексклузивна можност купувачите на храна и на пијалаци да се сретнат со добавувачи и со производители во Виена и да го доловат вкусот на Австрија. Целта е да ја зголемат својата мрежа на контакти, да пробаат нови производи, да запознаат нови добавувачи, да разменат нови идеи и да остварат деловна соработка со познати компании и експерти за производство и за трговија на големо и на мало со храна и со пијалаци од целиот свет.

Настанот ќе се одржи на 12.10.2022 година (среда) во Стопанската комора на Австрија во Виена.

Ве информираме дека доколку сакате да учествувате на овој настан, како и на B2B-средбите, задолжително треба да се регистрирате на следниот линк: https://food2022.b2match.io/signup, каде што можете да ги видите сите компании кои се пријавени досега, да ја видите програмата и сите други релевантни информации во врска со настанот. Поради ситуацијата со COVID 19 купувачите, исто така, можат да учествуваат виртуелно, со што при регистрацијата тие мора да изберат меѓу „дискусии на самото место“ или „дискусии преку интернет“.

Рокот за пријавување е до 30.9.2022 година.

За компаниите кои ќе се пријават и кои ќе обезбедат учество на деловните (Б2Б) средби со австриските компании ќе бидат обезбедени:

- две бесплатни хотелски ноќевања со појадок,

доколку се исполнат следните услови:

- компанијата учествува за првпат на пазарот или има учествувано последен пат пред 5 години (2017) и има најмалку 5 резервации за состаноци со австриски компании;
- компанијата учествувала на локалниот пазар во Виена во последните 5 години и има најмалку 5 резервирани состаноци;
- да доставаат портфолио со фотографии од производ како доказ дека компанијата е присутна на австрискиот пазар (супермаркет, хотел или ресторан) во последните 5 години.

Трошоците за превозот Скопје – Виена – Скопје се на товар на самите компании.

**Саем**

**14-18.10.2022**

# УЧЕСТВО ВО КУПУВАЧКА МИСИЈА ВО РАМКИ НА “BUILD EXPO GREECE 2022” 14-16 октомври 2022 Атина, Грција

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Амбасадата на Република Грција, Ве поканувaат да земете учество во претстојната купувачка мисија во рамки на посетата на саемот за градежништво “Build Expo Greece”, што ќе се одржи во периодот од 14 до 16 октомври во Атина.

“Build Expo Greece” претставува идеална можност за средба на сите професионалци од градежниот сектор во Југоисточна Европа и регионот на Источен Медитеран. Саемската манифестација се организира со цел повторно да се покрене динамиката во градежниот сектор преку деловни вмрежувања и билатерални средби меѓу изложувачите и учесниците во купувачките мисии од целиот регион.

Овој концепт претставува одлична можност за генерирање на нови деловни соработки преку вмрежување со истакнати меѓународни компании од градежниот сектор, зголемувајќи ја продуктивноста, поврзувајќи ги пазарите во регионот и пошироко, и поттикнувајќи го развојот на целата индустрија.

Купувачката мисија е наменета за сите домашни компании од градежниот сектор, заинтересирани за остварување соработка со производители на градежни материјали и изведувачи на градежни работи.

За користење на оваа можност, неопходно е да ги пополните пријавниот лист и апликацијата во прилог и да ги доставите до лицето за контакт најдоцна до 30 септември 2022 година (петок), по што дополнително ќе бидете информирани дали апликацијата за учество е прифатена од страна на организаторот.

Напомена: Ве молиме задолжително изберете една од трите понудени опции за учество (А, Б или Ц) наведени во програмата во прилог.

За подетални информации во врска Вашето учеството, Ве молиме контактирајте со лицето за контакт: м-р Сања Николова, тел:+ 389 32 44 091, моб: 071/230-452, е-адреса: sanja@mchamber.mk.

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD
ISO 9001:2015

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088